Врз основа на член 65, став 6 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), раководителот на Центарот за развој на Југозападниот плански регион, на ден 22.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

***за спроведување на стратегиска оценка***

1. За планскиот документ Програма за развој на Југозападниот плански регион 2015-2019, донесен од страна на Советот за развој на Југозападниот плански регион, по претходна согласност на Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оценка за влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот доумент- Програма за развој на Југозападниот плански регион 2015-2019 се определуваат следниве: Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој, деветте општини во состав на Регионот, подрачните одделенија на министерствата, агенции, месни заедници, здруженија на граѓани и бизнис заедницата.

3. Планскиот документ - Програма за развој на Југозападниот плански регион 2015-2019, за чија изработка е одговорен Центарот за развој на Југозападниот плански регион, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиската оценка треба да ги опфати следниве аспекти: влијание врз населението и човековото здравје, влијание врз социо-економските состојби, влијание врз квалитетот на амбиенталниот воздух, влијание врз квалитетот на површинските и подземните води, влијание врз почвата, влијание врз бучавата, влијание врз флората и фауната, влијание врз пределите, влијание врз материјалните добра, влијание врз културно-историското наследство, влијание од несреќи и хаварии и прекугранично влијание.

5. Одлуката, заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стретегиската оценка, се објавуваат на веб страна на Центарот за развој на Југозападниот плански регион со следна адреса: www.southwestregion.mk

6. Против оваа Одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Центар за развој на Југозападниот
планскии регион
Раководител,
м-р Мирјана Лозаноска

Бр. 0102-12/01
22.01.2015
Струга